КОНЕКТ

# Годишен извештај
# за 2020 година

Скопје, јануари 2021

## Прочитајте

I. За Конект ........................................ 3
II. Конект во 2020г. низ бројки ........................................ 5
III. Филантропија ........................................ 6
IV. Унапредување на општествената одговорност ........................................ 9
V. Поддршка за граѓанските организации ........................................ 12
VI. Глобален договор на Обединетите нации ........................................ 16
Известување за вклученост ........................................ 16

# I. За Конект

Веруваме дека Северна Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат преку донации, волонтирање и сопствена одговорност и ќе придонесат за рамномерен одржлив развој на заедниците. Докажуваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Така, се стремиме да развиваме одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Од 2008-та, Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој на Северна Македонија. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е неминовен начин на водење бизнис што обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Имено, кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Работиме со и за:

- Бизнисите (компании и мали и средни претпријатија);
- Индивидуалци и семејства што донираат;
- Непрофитни субјекти: граѓански организации и социјални претпријатија;
- Јавните институции.

Главни полиња за работа:

- Општествена одговорност на претпријатија (ООП);
- Филантропија;
- Социјална економија;
- Волонтерство;
- Одржлив развој.

Имаме експертиза за (избор):

- Стратешко обмислување на општествената одговорност на претпријатија;
- Стратешка индивидуална и корпоративна филантропија;
- Истражување во полињата на работа;
- Развој и анализа на јавни политики;
- Социјално претприемаштво и градење капацитети во овој домен;
- Градење капацитети и техничка помош за институции, претпријатија и граѓански организации (ГО);
- Овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства.

## Како ја оствaруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;

- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме луѓето насекаде низ нашата земја да ги осмислат своите донации, бидејќи и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да постигне вистинско влијание во општеството;
- Ја промовираме и поттикнуваме општествената одговорност на претпријатијата.

## Што правиме?

- Директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- Застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- Изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- Споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- Им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции, итн.) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- Го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓу-секторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

## Во периодот на известување Конект е:

- Организација-домаќин на Мрежата на Глобалниот договор во Северна Македонија како дел од системот на Глобалниот договор на ОН[1] ;
- Член на Националното координативно тело за ООП на РСМ;
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[2];
- Членка на Американската стопанска комора во Северна Македонија (AmCham);
- Основач на мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации која брои 111 ГО;
- Членка на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата;
- Имплементатор на MAMFORCE стандардот за Северна Македонија;
- Членка на „The Funding Network“.

[1] United Nations Global Compact - Гобален договор на Обединетите нации
[2] United Nations Industrial Development Organization

## II. Конект во 2020г. низ бројки

Оваа година работевме со 150 индивидуални донатори усмерувајќи ја нивната поддршка за граѓански организации (ГО) во вредност од 445.000 денари. Предложивме 12 паметни идеи за донирање во ГО.

Вклучивме низа граѓански организации во активности, а Мрежата за финансиска одржливост на ГО брои 111 членки.

Над 40 претставници на институциите работеа со нас на активен дијалог за подобрени политики и закони. Низ своите активности поддржавме повеќе од 200 претставници на компании за да ја унапредат општествената одговорност.

Нашите настани и активности бележат над 780 присуства.

Преку социјалните медиуми допревме до над 50.000 граѓанки и граѓани. Публикувавме анализи и студии на случаи, дигитални алатки и промотивни материјали. Се стремиме кон повеќе...




| | |
|---|---|
| Институционален грант на Цивика мобилитас, МЦМС | 1.000.000 |
| Мрежа на Глобален договор Бугарија (пренесен вишок од проект) | 150.008 |
| ЕВН волонтира, ЕВН Македонија | 810.378 |
| Партнерства за Целите за одржлив развој, ГИЗ | 197.877 |
| Вклучување на граѓанските организации во прашања поврзани со сречување перење пари и финансирање тероризам, Европски центар за непрофитно право | 1.252.582 |
| Поддршка на процесот на проценка на ризиците на непрофитните организации од финансирање тероризам согласно П8 на ФАТФ, ГИЗ | 1.278.991 |
| Поттикнување на принципите на бизнис и човекови права, Европска комисија, ЕИДХР | 1.645.593 |
| Промени за одржливост, Европска комисија | 2.499.896 |

| | |
|---|---|
| Интегритет и анти-корупција во бизнис секторот, Европска комисија | 2.644.308 |
| Донација за Донаторски кружок, The Funding Network | 62.112 |
| Градење меѓу-секторски партнерства за одржлив развој, Европска комисија преку Министерство за финансии | 286.913 |
| Приходи од членарини | |
| Донации од физички лица (вклучително и Донаторски кружок) | 151.244 |
| Донации и спонзорства од компании | 61.700 |
| Приходи од субвенции на придонеси, Министерство за финансии | 54.431 |
| Приходи од камати, позитивни курсни разлики и отпис | 5.122 |
| Приходи од сопствена дејност | 592.840 |
| Пренесен вишок од минатата година | 8.895.761 |
| Вкупно | 21.589.756 |




Вкупните приходи во 2020 година изнесуваа 21.589.756 денари, а расходите 11.087.419 денари. Во организацијата беа вработени четири лица на четири работни позиции со полно работно време. Месечната бруто плата на извршната директорка изнесува 112.618 денари. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:3,15, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,62. Споредено со 2019 година, платите и административните трошоци во 2020 година имаа повисок процентуален удел во вкупните расходи поради заштеди во програмски трошоци од реализација на активностите без физичко присуство за време на пандемијата со Covid-19.

## III. Филантропија

Конект ја поттикнува стратешката, индивидуалната и корпоративната филантропија насочена кон решавање на проблемите и нивните причини, наместо за ублажување на последиците. Во оваа насока, посочуваме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнис заедницата преку коишто тие можат да извршат промена во

заедниците во кои живеат и делуваат. Затоа, работиме за креирање услови за одржлив развој на граѓанските организации и градење на нивните капацитети за поврзување со локалните донатори и поддржувачи.

Градиме односи со индивидуалните и корпоративни донатори и им помагаме да донираат паметно. Креираме можности да ги здружиме донациите за покажеме дека и малите донации заедно можат да направат голема промена.

## 3.1 Донаторскиот кружок - настан што роди надеж на крајот од тешка година - „Да донираш е љубов“

Под мотото „Да донираш е љубов“ на 29.12.2020 онлајн го организиравме донаторскиот кружок на којшто над 150 граѓани онлајн се здружија паметно да донираат за три организации. Испраќајќи порака на солидарност, го прославивме крајот на 2020 година со надеж и позитивна енергија за подобра следна година. Преку 60 граѓани донираа 445.000 денари за иницијативи што долгорочно ја унапредуваат благосостојбата на граѓаните и заедниците. На настанот се вклучија и компаниите Пивара Скопје, Тинекс и ЕВН коишто великодушно ги здружија своите донации со донациите на граѓаните.

На настанот присутните донираа за три доверливи организации коишто ја заслужија поддршката од членовите на донаторскиот кружок: Здружението за дислексија „Ајнштајн“ од



„Во донаторскиот кружок донирањето е заразно на најубав можен начин. Чувствувате своевидна понесувачка емоција што ве тера да се вклучите и дадете повеќе.“

сподели **Огнен Јанески** кој го водеше настанот и стана член на иницијативниот одбор на донаторскиот кружок.

Скопје за воведување на „Невро-баланс“ програмата за деца којашто на децата со дислексија ќе им овозможи да читаат без мака; Здружението Рурална коалиција од Куманово за отворање на првиот онлајн пазар на земјоделски производи што ќе им овозможи на 200-300 жени-земјоделки и нивните семејства да заработат приход, а на граѓаните здрава храна достапна за сите; Здружението Доброволното пожарникарско друштво од Свети Николе коишто во последните години изгаснале над 300 пожари, за да изградат гаража за противпожарните возила и да продолжат да ги спасуваат нашите животи и домови.

ДОНАТОРСКИ КРУЖОК

Донаторскиот кружок покажа дека средствата коишто секој поединец може да ги издвои како донацијата претставуваат моќна алатка кога заеднички се насочуваат. Здружените донации помагаат во вистинско решавање на проблемите, а не само во санација на горливите прашања во општеството. Конект им благодари на сите граѓани и компании коишто донираа и

го поддржаа донаторскиот кружок. Ги следиме договорите за донации со организациите, а со донаторите одржуваме редовна комуникација и ги информираме за реализацијата на нивната донација.

Донаторскиот кружок е поддржан од програмата Цивика Мобилитас која го поддржува годишниот план за работа на Конект. Со успешната примена на методологијата на донаторски




кружоци, Конект формално стана членка на „[The Funding Network](#)“ – меѓународна мрежа на организации што го применуваат моделот на донирање на специјални настани (live crowdfunding).




Сакате да се придружите на донаторскиот кружок? Пишете ни на [konekt@konekt.org.mk](mailto:konekt@konekt.org.mk)

## 3.2 Донаторски календар

По единаесетти пат во 2020-та во соработка со „Портрет“ го подаривме донаторскиот календар за сите оние што сакаат да направат нешто добро во текот на годината и да научат како паметно да донираат. Редовно го користиме како потсетник со идеи што покажуваат дека и со малку може да се направи промена ако донацијата оди во прави раце. Низ годината споделувавме идеи на социјалните мрежи и го промовиравме донирањето во граѓанските организации што се

природен партнер во градењето поубави заедници. Дизајнот на изданието за 2020-та година го изработи и донираше Дејана Петрушевска.

# IV. Унапредување на општествената одговорност

Континуирано работиме на едукација на претпријатијата и соработка со нив со цел да поттикнеме ефикасно и долгорочно општествено влијание на претпријатијата и нивно активно вклучување во заедницата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да ги идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

## 4.1 Бизнисот и човековите права

Почитувањето на човековите права е одговорност на секој сопственик/-чка и раководител/-ка на компанија. Денес речиси сите компании вработуваат работници, имаат добавувачи и деловни партнери од странство вклучително и од земји познати по ниско ниво на почитување на човековите права, нудат бројни производи и услуги коишто покрај позитивните придобивки можат да бидат и злоупотребени за нарушување на човековите права. Конект и оваа година работеше на поттикнувањето на примената на Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права.

Во екот на пандемијата исклучително беше важно да се применат мерки што ќе ги заштитат вработените. На почетокот на кризата, кога владееше збунетост, Конект работеше со компаниите дефинирајќи насоки и овозможувајќи да споделат добри практики. <<Прочитајте повеќе>>

Низ активностите со бизнис секторот во 2020 година, континуирано ги промовиравме и практичните приоди преку кои компаниите можат да ги унапредат човековите права како Mamforce стандардот за родова еднаквост и баланс меѓу работниот и професионалниот живот кај работодавачите.



**ОДГОВОРНИОТ БИЗНИС СООЧЕН СО КОРОНА COVID 19**

24/03/2020

Соработка меѓу сите сегменти во општеството станува неопходна во справувањето со една од најголемите глобални кризи, пандемијата COVID 19. На сите чинители (институциите, бизнисите, граѓанските организации, науката, медиумите и др.) им е потребно време за прилагодување, но само со колективно дејствување може да се запре ширењето на пандемијата, да се изнајдат решенија, да се придонесе за бизнис континуитетот и брзо закрепнување од последиците.

Работодавачите ја препознаваат важноста да ги заштитат, поддржат и да соработуваат со заедниците за нормализирање на ситуацијата. Во вакви ситуации на високи ризици, кога треба да се носат тешки одлуки и строги мерки, многу е важно компаниите да водат сметка и за човековите права. Издвојуваме насоки за прашањата што одговорните бизниси си ги поставуваат, како и примери од она што се спроведува.

**Која е одговорноста на работодавачите од аспект на човекови права?**

- **Заштита на правото на здравје:** За да се намали ризикот на изложеност на вирусот се реорганизира бизнис процесот вклучително: хигиенски протоколи и дезинфекција, работа од дома секаде каде е можно, смени, дистанцирање, безконтактни услуги и сл.
- **Заштита на животната средина:** овој момент е идеален за да се согледаат искуствата од мерките и како тие влијаат за животната средина (оптимизирано производство, функционирање без патувања, работа од дома, нови технологии, онлајн платформи итн.) и да се вградат во понатамошното водење на бизнисот.
- **Пристап без дискриминација:** важно е во сите мерки што ќе се спроведуваат да се овозможи еднаков пристап. Обезбедете транспарентна и пристапна комуникација (на пример комуникација и за вработените со попреченост) на препораките за заштита и вашите мерки за справување со ситуацијата.

**Препораки за работодавачите**

- Реорганизирајте ја работата соодветно за да се задржи континуитетот;
- Овозможете пристап до безбедна работна средина со сите мерки на претпазливост да се ограничи изложеноста на вирусот (дезинфекција, дистанца помеѓу вработените);
- Применете флексибилни политики за работа од дома секогаш кога е тоа возможно, за да се намали бројот на вработени изложени на ризик и во движење. Обрнете посебно внимание на оние кои остануваат дома поради грижа за член на семејството, ниско платените работници, работниците со договори за привремено вработување итн;
- Применете транспарентна и пристапна комуникацијадемистифицирајте ја ситуацијата за вработените, осигурајте ги дека правите сè што е возможно за да ги одржите работните места; објавете ги мерките што ги применувате за клиентите и јавноста;
- Поттикнувајте онлајн поврзаност меѓу вработените за да се одржува социјалното ткиво во компанијата и чувството на припадност кон организацијата. Пример: освен состаноци организирајте и онлајн кафе за пауза или понудете сесии за тимски дух, поддршка за справување со стравот, стресот, осамата итн. Согласно можностите размислете за финансиска и друга поддршка за најпогодените вработени.

## 4.2 Целите за одржлив развој применлива визија за подобар свет




Целите за одржлив развој (ЦОР) претставуваат поттик кон градење партнерства и заеднички активности на граѓанските организации (ГО), бизнис секторот и институциите. Нивната сплотеност во работењето е со цел постигнување промени кои позитивно ќе влијаат на развојот и заедниците. Конект активно застапуваше и преку низа настани за консултации и писмени придонеси активно се вклучи во креирањето на првиот Доброволен национален преглед – извештај во кој државата го дефинира напредокот во исполнувањето на целите и ги дефинира идните чекори.

Да не оставаме никој зад нас – ова е клучен принцип во примената на ЦОР особено значаен за да се овозможи ова да биде агенда што ќе ги вклучи сите. Поврзаноста на ЦОР со нашата мисија ја согледуваме во моќта на здруженото делување на различни чинители заеднички (институции – бизниси - граѓански организации). Во текот на 2020-та посветено работевме на промоција на ЦОР меѓу различни чинители. Се одржаа промотивни настани и низа работилници на кои учествуваа 117 претставници на асоцијации на локални самоуправи од регионот, општини од РСМ, институции, претставници на синдикати, организации на работодавачи, здруженија на граѓани итн. Повеќе информации за ЦОР може да најдете на овој <<линк>>




## 4.3 Интегритет и заштита на бизнисот од корупција

Го искоренуваме ставот дека корупцијата стана неодминлив и прифатлив трошок за водење бизнис. Создаваме заедница на компании и професионалци коишто покажуваат дека бизнисот треба да се развива без корупција. Посветено и заеднички создаваме решенија со коишто им помагаме на нашите бизниси да станат отпорни на ризиците и да ја отстрануваат корупцијата.

За прв пат кај нас бизнисите имаа единствена можност да посетуваат специјализирана обука која ќе им помогне да ја препознаат и да се справат со корупцијата. Работевме со сертифициран тим на врвни професионалци од областа на усогласеност со прописи од компании кај нас кои во 2020-та ги пренесоа знаењата низ 11 обуки на 147 претставници на компании.



„Да не бидеме пасивни набљудувачи на корупцијата. Заеднички да ја подигнеме свесноста за интегритет и усогласено однесување. Обучени полесно ќе ја препознаваме и отстрануваме во секојдневното работење.“

сподели **Валентина Манчевска Стојановска, Менаџерка за контрола за усогласеност во Феникс Фарма -** дел од посветениот тим на обучувачи.

БИЗНИС БЕЗ КОРУПЦИЈА

Преку иницијативата и со еспертска поддршка компаниите полесно ја препознаваат корупцијата, ги дефинираат ризиците и знаат кои чекори треба да ги применат во своите компании за да создадат систем на интегритет кој ќе им го заштити бизнисот. Преку приручници, ресурси и интерактивни алатки на www.bezkorupcija.mk дополнително им помагаме да го применат стекнатото знаење и да ги разменат поуките од искуствата што ги имале и да направат промена во своите компании.

Во 2020 година објавивме 6 студии на случаи на корупција со кои компаниите често се соочуваат со препорачани мерки кои ќе ги заштитат да не дојде до случајот, како и насоки за тоа како да постапат доколку случајот се овистини.

Како клучен елемент за воспоставување на систематски пристап кон јавен дијалог за прашања поврзани со интегритетот и антикорупцијата во приватниот сектор со својата работа продолжи и Советодавна група со над 20 членови од најрелевантните институции, бизнис комори и организации, граѓански организации итн. Ова меѓусекторско тело дискутира за подобрување на политиките за заштита од корупцијата. Се одржа и онлајн настан за механизми за заштита и предлози за промени „Јавните набавки, бизнисите и корупцијата“.

Овие активности се дел од проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис-сектор“ финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Центарот за граѓански комуникации во партнерство со Конект и Здружението на даночни работници.




## 4.4 Конектирај се!©

Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење вистински позитивни промени и во нашето работење го поттикнуваме овој дијалог и соработка. Сервисот за поврзување на граѓански организации со компании, има за цел пренесување на вештините и знаењата од компаниите на граѓанските организации и социјалните претпријатија. Во текот на 2020 година сервисот им обезбеди на компаниите да се поврзат со здруженија што беа активни во справување со последиците на пандемијата. Следната година сервисот ќе се посвети на остварување на подолгорочни партнерства.

# V. Поддршка за граѓанските организации

## 5.1 Промени за финансиска стабилност на ГО

111 ГО продолжија да делуваат обединети во Мрежата за финансиска одржливост на ГО и заеднички продолжуваме да застапуваме за законски измени што ќе овозможат поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Придружете ни се и <<зачленете се во мрежата>>.

Пандемијата на Covid-19 несомнено го смени начинот на којшто живееме и работиме. На сите чинители (институциите, бизнисите, граѓанските организации, науката, медиумите и др.) им беше потребно  време за прилагодување, но, само со колективно дејствување може да се запре ширењето, да се изнајдат решенија и брзо да се закрепне од последиците.

Конект со Мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации (ГО) што ја раководи, го следеше влијанието што пандемијата го има врз финансиската одржливост на ГО со цел понатамошно да ги дефинираме начините за поддршка на ГО преку инфраструктура за поврзување, поддршка и донирање. Ги прашавме граѓанските организации како се прилагодуваат на новата состојба и со какви предизвици се соочија во периодот со справувањето со Ковид-19. Прочитајте што 135 граѓански организации одговорија на нашите прашања <<тука>>.

Активностите за застапување продолжија и во 2020-та. Се дефинираа приоритети и активни се 4 иницијативи за застапување што на ГО, бизнисите и граѓаните би им овозможиле






повеќе донирање, можности за вклучување во волонтерски активности, зајакнување на социјалното претприемништво итн.

Се одржа онлајн настан на мрежата со над 50 претставници на членките и продолжи широкиот дијалог за промени на политики и закони. Во 2020-та низ консултации и соработка се поднесени следниве придонеси за измени на закони и политики:

- Дефинирани се и поднесени амандмани на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Промените на овој закон би овозможиле дополнително да се поттикне донирањето во земјата;
- Дефинирани се и поднесени коментари на Стратегијата за социјално претприемништво;
- Поднесени се коментари на Стратегијата за развој и промовирање на волонтерството;
- ГО се вклучени во процес на анализа на ризиците од финансирање тероризам во непрофитниот сектор која ќе има значајно влијание на политиките, законите и финансиското работење на ГО.

Вклучување на граѓанските организации во заштитата од финансирање на тероризмот и перењето пари

Недостатокот од разбирање на работата на ГО во меѓународни рамки често води до перцепција дека ГО се ранливи на злоупотреба на перење пари и финансирање на тероризам. Ова понекогаш доведува до несоодветна примена на меѓународната регулатива и стандарди и како последица во некои држави непрофитните организации се соочуваат со ограничувања, предизвици во финансиското работење поради дополнителни проверки итн. Го отворивме ова прашање во рамки на граѓанскиот сектор кај нас и формиравме дијалог меѓу различните засегнати страни.

Управата за финансиско разузнавање го отпочна процесот на проценка на ризиците од финансирање тероризам во непрофитниот секторво. Конект го координираше процесот по специјализирана методологија и обезбеди вклученост и консултативен процес со непрофитните организации. Се спроведе обемен процес на прибирање и анализа на податоци и серија работилници во два циклуси со вкупно 5 дена активна програма на која учествуваа вкупно 33 претставници на непрофитниот сектор и институции. За прв пат се формираше меѓусекторски



дијалог (непрофитен сектор, институции од доменот на разузнавање и финансиски институции) за утврдување на клучните наоди и идното ревидирање на законите, политиките и мерките за заштита од перење пари и финансирање тероризам што имаат директно влијание на финансиското работење на ГО. Се финализира проценката за ризик од финансирање на тероризам за секторот на непрофитни организации и се воспостави механизам за дијалог и соработка меѓу институциите, НПО и банкарскиот сектор за спроведување на мерки базирани на ризикот кои не го попречуваат легитимното работење на непрофитниот сектор. Консултациите, работилниците и настаните бележат вкупно 146 присуства на различни чинители. Овие

активности беа препознаени како добра практика во на нашата земја. Ова е значаен исчекор во меѓународни рамки кој  се споделува на меѓународни и глобални форуми. Активности беа реализирани со поддршка на ECNL-Европскиот центар за непрофитно право и GIZ-Германско друштво за интернационална соработка и продолжуваат понатаму.

## 5.2. Поддршка на ГО за соработка со донатори

Континуирано ги едуцираме граѓанските организации за тоа како да се приближат до индивидуалните и корпоративните донатори. Ја споделуваме нашата експертиза широко во секторот. Во текот на 2020-та во соработка со Граѓанскиот ресурсен центар се одржаа обуки за добро управување на граѓанските организации како и обуки за генерирање на фондови на кои се обучија 19 и 22 учесници соодветно.

Со обуките за добро управување, учесниците ги надградија нивните знаења и вештини за добро управување и организациска структура, запознавајќи се со процесите на организациско управување, односите помеѓу извршните и управните органи, улогата на управните органи и нивните членови, управување со финансиите, транспарентност и отчетност, судирот на интереси и сл.

На обуките за генерирање на фондови учесниците се едуцираа за тоа како нивната организација може да стане финансиски одржлива преку стратешко планирање на ресурсите и зголемена разноликост на донаторите. Стекнаа вештини и знаења за концептите на одржливост и генерирање на ресурси, за идентификација на извори на фондови и обезбедување ресурси за организацијата од различни извори, за стратешки пристап кон обезбедувањето ресурси, како и за одржување на успешни релации со донаторите. Преку практични вежби, учесниците учеа за мапирање на изворите на финансирање, одредување индикатори на успех, подготвување на акциски план за финансиска одржливост итн.

Ознака за доверба

Ознаката за доверба за граѓански организации претставува само-регулирачки систем што на граѓаните и компаниите им го олеснува изборот на доверливи организации во коишто можат да донираат. Таа се стреми долгорочно да ја зголеми довербата помеѓу граѓанските организации (ГО) и локалните донатори. Ознаката се добива преку внимателно креиран процес и низа критериуми за транспарентност, отчетност, резултати од работењето, почитување на законската регулатива итн. Во 2020-та, методологијата развиена од Европскиот Центар за непрофитно право ја збогативме и ја усоласивме со барањата на FATF со што ознаката ја зајакнува својата примена во заштитата на ГО од злоупотреби. Граѓанските организации коишто ја поседуваат ознаката за доверба се добри партнери на граѓаните, но, и на останатите чинители во заедницата. Покрај 5те организации носители на ознаката во 2020-та во процесот се вклучија уште 2 ГО.  На низа настани и во директна комуникација со ГО ја промовираме Ознаката за доверба како полезен

механизам што го овозможува организациското јакнење на ГО, но, и нивното препознавање од донаторите. <<линк со повеќе информации>>

## 5.3. Социјално претприемништво

Фокусирано работиме на развивање на еко-систем за развој на социјалното претприемништво како на локално така и на регионално ниво. Соработуваме со сите чиниители - институциите, компаниите, донаторите, граѓанскиот сектор и медиумите. Тесно врзан за нашата мисија е и концептот на користење на претприемачки вештини за градење на позитивни промени во заедницата.

Во 2020-та, се вклучивме во давањето на активен придонес за подобри политики кои ќе овозможат развој на социјалното претприемништво. Соработувавме со проектот „Социјално претприемништво како можност за самоодрживост на организациите" спроведуван од CEED и ја споделивме својата експертиза во рамки на две обуки посветени на правната рамка за формирање на социјално претпријатие и начините да се пристапи до поголемите бизниси и да се стане дел од нивниот синџир на набавки. Над 15 корисници на проектот се стекнаа со полезни совети и можност да бидат дел и од сервисот „Конектирај се!".

# VI. Глобален договор

Глобалниот договор на Обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 170 земји во светот. Конект е организација домаќин на Мрежата на Глобалниот договор на ОН во Северна Македонија.

## Известување за вклученост

Согласно политиките за известување на Глобалниот договор на Обединетите нации членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2019 година, Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на

*„Мисијата на Конект е тесно сврзана со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации во областа на: човековите права, трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи. Ни претставува чест што сме организација домаќин на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој. Со своите активности и залагања Македонската мрежа придонесе за подигнување на свеста во бизнис заедницата и кај институциите дека сите подеднакво сме одговорни за примена на принципите на Глобалниот договор. Развојот на компаниите и развојот на заедницата се обврска на секој чинител и тој принцип ние се обидуваме да го прошириме, бидејќи само со заедничка и синхронизирана акција можеме да очекуваме долгорочен развој на сите сегменти од нашето живеење."*

Никица Кусиникова
Членка на управниот одбор на Мрежата на Глобалниот договор во Северна Македонија
Извршна директорка на Конект

принципите на Глобалниот договор. Во табелата подолу се назначени поглавјата поврзани со групата 10 принципи на Глобалниот договор.

<u>Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција</u>

Македонската мрежа на ГД е првата мрежа во земјата целосно посветена на подобрување на општествената одговорност. Формирана во 2004 година, Мрежата е активна повеќе од една деценија. Сочинета е од компании, граѓански организации и други членови од кои 12 со активно членство на меѓународно ниво. Секретаријат е Здружението Конект што како организација чијшто фокус е општествената одговорност на претпријатијата, активно работи на градењето на Мрежата и на промовирање на нејзините принципи. Како секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор претставуваме контакт центар за членките, поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи.

<u>Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор</u>

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и пошироката бизнис заедница во своите активности и го промовира членувањето на мрежата како адекватен начин на напредување во практиките за ООП. Нашите активности се директно поврзани со корпоративна филантропија, ООП и градењето партнерства поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Дополнително, во своите активности за едукација на бизнис секторот секогаш се вклучени и аспектите поврзани со Глобалниот договор на ОН. Годинава особено беше актулна соработката со мрежата во доменот на промоцијата на бизнисот и човековите права, бизнис интегритетот, целите за одржлив развој итн.

Дополнително Конект обезбеди оперативна база за функционирање на мрежата како и адекватна експертиза.

Табелата подолу вклучува приказ на места од овој извештај каде можат да се најдат активности и мерливи резултати за постигнувањата поврзни со 10-те принципи на Глобалниот договор.

| | | |
|---|---|---|
| **Човекови права** | Принцип 1: Компаниите треба да ја поддржуваат и почитуваат заштитата на меѓународно признатите човекови права и<br><br>Принцип 2: Да се осигураат дека не учествуваат во прекршувања на човековите права. | **3.1 / 3.2**<br>**4.1/ 4.2** |
| **Работни односи** | Принцип 3: Компаниите треба да ја поддржуваат слободата на здружување и ефективното признавање на правото на колективно преговарање;<br><br>Принцип 4: Елиминација на сите форми на принудна или задолжителна работа;<br><br>Принцип 5: Ефективно искоренување на детскиот труд и<br><br>Принцип 6: Елиминација на дискриминација во однос на вработување и професија. | **4.1 / 5.1** |
| **Животна средина** | Принцип 7: Компаниите треба да имаат внимателен пристап при справувањето со предизвиците поврзани со животната средина;<br><br>Принцип 8: Да преземаат иницијативи за промоција на поголема одговорност за животната средина; и<br><br>Принцип 9: Да го охрабруваат развојот и ширењето на еколошки технологии. | **4.2 / 3.2** |
| **Спречување на корупција** | Принцип 10: Компаниите треба да работат против корупцијата во сите нејзини форми, вклучувајќи изнуда и мито. | **4.3** |

КОНЕКТ
ул. „Владимир Полежиновски" 19-1/6,
1000 Скопје, Северна Македонија
тел: +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk
www.konekt.org.mk

www.donirajpametno.mk
http://konekt.org.mk/sdgs
www.bezkorupcija.mk
www.konekt.org.mk/blog